Број на Службен весник:114/2012
Датум на објава на Службен весник:14.09.2012
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 15 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.95/2012), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ИЗВРШЕН УВИД НА САМОТО МЕСТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на записникот за извршен увид на самото место за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште.

**Член 2**

Записникот од став 1 на овој член се води на образец: “Записник за извршен увид на само место за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште“ во формат А4 во бела боја.

Формата и содржината на образецот на записникот од став 1 на овој член е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 22-8368/5
11 септември 2012 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог**

Врз основа на член 15 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/2012), постапувајќи по барање под бр. __________ од __________ година на _________ од _________ за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште, се изготвува следниот

**ЗАПИСНИК**
**за извршен увид на самото место за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште**

Составен на ден ___________ година, по извршен увид на лице место на

______________________________________________________________
(вид на бесправен објект)

Увидот на лице место е извршен од страна на комисијата формирана од страна на градоначалникот на единицата на локалната единица во присуство на подносителот на барањето на начин што е извршена идентификација на објектот ______________________ (оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште) и на земјоделското земјиште опишано како КПбр._____, мв.________, култура ______, класа _____, површина ______ м2, евидентирано на Имотен лист бр._____ за КО ________, во сопственост на ___________ (податоците за земјоделското земјиште се превземаат од геодетскиот елаборат).

При увидот на самото место на бесправно изградениот објект _____________ (вид на бесправно изграден објект) со површина во основа од ______ м2 и висина на горен венец од ___ метри, во сопственост на ____________ од _____________, констатирано е дека до објектот ______ (има/нема) соодветна патна, комунална и електрична инфраструктура.

Забелешка од комисијата: ______________________________________________.
Забелешка од подносителот на барањето: ______________________________.

Записникот е составен во шест (6) еднообразни примерока од кои два (4) за единицата на локалната самоуправа и два (2) за подносителот на барањето.

**КОМИСИЈА** **БАРАТЕЛ**
Претседател на комисија _______ **М.П.** ______________
Член ________
Член ________